РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-3870/8
26-07-2021

Врз основа на член 17 став 1 точка 10, член 22, член 23 став 1 и член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 50-тата седница одржана на ден 21.07.2021 година донесе

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот број 08-3870 од 2020 година, за прекршување на одредбите од член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на лицето ___________, поранешен заменик министер за _____________во Владата на Република Северна Македонија, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за натамошно постапување по предметот број 08-3870/1 од 11.11.2020 година.

Предметот со број 08-3870/1 од 11.11.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот број 08-3870/1 од 11.11.2020 година е оформен по сопствена иницијатива.

ДКСК, по извршениот увид во својата евиденција утврди дека на лицето _____________ на ден 03.01.2020 година му престанала функцијата заменик министер за ________________ во Владата на Република Северна Македонија и дека во законски предвидениот рок по престанување на наведената функција не доставило анкетен лист до ДКСК.

На истиот ден, лицето ____________ е избрано на функцијата заменик министер за ____________ во Владата на Република Северна Македонија и дека во законски предвидениот рок не поднело анкетен лист и изјава за интереси до ДКСК.

Тргнувајќи од наведеното, ДКСК на лицето ________________ му издаде прекршочен платен налог број 08-3870/3 од 13.11.2020 година за прекршок утврден по член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси казнив по член 109 од истиот закон како и прекршочен платен налог број 08-3870/5 од

13.11.2020 година за прекршок по член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси казнив по член 109 од истиот закон.

Од страна на именуваниот е постапено по издадените прекршочни платни налози, односно е платена половина од глобата утврдена во истите.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: А.Ч., рак.на одделение
Одобрил: Ш.С., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**